КРИТЕРИУМИ И УСЛОВИ ЗА ПРЕФРЛУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ ОД ЕДНА НА ДРУГА СТУДИСКА ПРОГРАМА

Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје донесе одлука Бр.02-402/2-Х-7 од 20.10.2026 год. со која се утврдени критериуми за префрлување на студентите на прв циклус студии од една на друга студиска програма:

- Студентот треба да има положени 80% од испитите од претходните години и да го запишува семестарот по прв пат.
- Студентот треба да оствари просечен успех најмалку 8,00 во претходните студиски години.
- По префрлувањето студентот ги продолжува студиите во квотата со кофинансирање на студиите, со поднесување на барање и изјава за студирање со кофинансирање.

Во прилог на барањето студентот доставува:

- Индекс
- Уверение за положени испити со називи на предмети, фонд на часови, оценки, број на кредити, статус на предметот

Одлуката се однесува на студентите запишани во учебната 2026/27 година.